МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## 2024 – 2026

*Почитувани,*

*Визијата за квалитетен национален образовен систем, актуелната Влада ја трансформираше во акција, преку креирањето и отпочнувањето на низа крупни реформи во повеќе образовни сегменти и области. Имплементацијата е предвидена да се заокружи на среден рок, а дел од промените и на подолг рок и најважно е што ниту еден предизвик досега не го прекина воспоставениот континуитет, ниту пак ги намали ентузијазмот и заложбата за остварување на поставената цел.*

*Новиот стратешки план на МОН за 2024 -2026 година е исто така, продолжение на веќе отпочнатите промени. Ревидирањето на претходните документи, само потврди дека сме на вистинскиот пат и затоа, правецот на најголем дел од активностите, не е променет. Исклучоците се минимални, а особено важно е што имаме и дополнување со неколку нови активности со кои ќе се потрудиме да се искачиме на ниво погоре и поблиску до глобалните образовни стандарди за квалитет и да ги следиме трендовите и позитивните практики на развиените земји.*

*Фокусот и натаму е основното образование, базата на националниот образовен систем од каде сè понатаму тргнува. Продолжуваме со етапната замена на наставните планови и обезбедувањето на нови учебници, со модернизација на инфраструктурните услови и со зголемување на мотивацијата за работа на наставниот кадар. Во средното образование, надградувањето и ширењето на концептот на дуално образование, кој го вклучува бизнис секторот во реализацијата на наставата, останува приоритетна цел, а досегашните резултати се исклучително позитивни и упатуваат на значително подигнување на квалитетот и интересот за средното стручно образование и даваат придонес кон развојот на економијата.*

*Високото образование и науката ќе ги унапредуваме со усвојување на 4 национални стратешки документи и координативните активности се веќе започнати со сите засегнати страни. До крајот на периодот за кој се однесува овој Стратешки план, ќе имаме изготвено и ќе се применуваат нова национална програма и уредба за финансирање на високо образование, како и национална програма и уредба за финансирање на научно-истражувачка дејност. Не помалку, остануваме посветени и на унапредување на ученичкиот и студентскиот стандард кои во последните 4-5 години докажавме колку се важни и што подразбира вистинска грижа на државата за учениците и студентите.*

*Убеден сум дека сите институции, органи, тела и поединци кои имаат свои надлежности и обврски согласно овој стратешки план, ќе бидат на висина на задачите како и досега. Затоа што секогаш, претходните постигнувања и создадени позитивни ефекти, се мотив за нови резултати од кои корист ќе имаат граѓаните и државата во целост.*

Бр. 01-277/1

5.1.2024

Скопје

***МИНИСТЕР*,**

**Doc. Dr. Jeton Shaqiri, с.р.**

## 1.1 ВОВЕД

Со Стратешкиот план на Министерството за образование и наука за 2024-2026 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 5 програми и 15 потпрограми, кои подеднакво се посветени на подобрување на квалитетот на наставата во основното и средното образование, унапредување на образовната инфраструктура, реформа на системот на финансирање преку блок дотации, оптимизација на училишната мрежа, обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики, забрзан економски развој преку инвестиции во науката и иновациите, како и поддршка на можностите на образование на возрасните и доживотно учење и на системот на неформално и информално образование и учење.

За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираат мерки, проекти и активности, овој стратешки план ги дефинира финансиските извори за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

Стратешкиот план на Министерството за образование и наука 2024-2026 е изготвен во согласност со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.124/08, 58/18 и 223/19), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.131/18), Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 -2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 256/23), Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2022 – 2024 година, Стратегијата за образование 2018-2025, Концепцијата за основно образование од 2021 година, Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика, Целите за одржлив развој на Обединетите нации 2030, ационалната програма за усвојување на правото на ЕУ (НППА), стратешките документи и препораки донесени од страна на Европската комисија кои се однесуваат на образованието и дигитализацијата како: „Обликување на дигиталната иднина на Европа" (Shaping Europe's digital future), „Дигиталниот образовен акциски план 2021-2027" (Digital Education Action Plan 2021 – 2027), Европската област за образование до 2025 година и Комуникето за достигнување на *Европската област за образование* до 2025 година и трансформирање на образованието и обуката за дигиталното време (European Education Area 2025 и Communication on Achieving a European Education Area by 2025 and resetting education and training for the digital age), Програмата за економски реформи, Извештајот на Европската Комисија за напредокот на нашата земја во европските интеграции, Патоказот за регионална соработка на шесте земји од Западен Балкан (WB Common Regional Market 2021-2024), Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, Декларацијата од Оснабрик за стручно образование и обука како клучен фактор за закрепнување и транзиција кон дигитална и зелена економија (Osnabrück Declaration 2020), Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Северна Македонија, сеопфатната анализа на образовниот систем во земјата спроведена од Институтот за образовни политики на Унеско и други стратешки документи и анализи

# 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## 1.2.1. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗИ ЗА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

Образовниот систем на Република Северна Македонија се состои од предучилишно, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование. Основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Во учебната 2022/2023, опфатени се 185.709 ученици (89.891 ученички), од кои 610 ученици (215 ученички) учат во училишта со ресурсен центар (за ученици со попреченост). 387 лица (од кои 132 жени) стекнуваат основно образование за возрасни во училиштето за возрасни. Споредено со учебната 2021/2022 година, вкупниот број на ученици бележи намалување од 0.8%. Бројот на ученици во училишта со ресурсен центар е намален за 7.7%, (како резултат на политики за инклузивно образование) додека бројот на лица кои посетуваат основно образование за возрасни е зголемен за 0.8%. Вкупниот број на наставници во основното образование во учебната 2022/2023 година изнесува 19.050 (од кои 13.591 жени).

Средното образование, исто така е задолжително и бесплатно. Средното стручно образование може да биде со тригодишно и четиригодишно траење. Стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години. На крајот на тригодишното стручно образование, учениците полагаат завршен испит и немаат право да се запишат на универзитет. Учениците кои завршуваат четиригодишно стручно образование, можат да бираат меѓу завршен испит и државна матура, зависно од тоа дали сакаат да го продолжат образованието или не, додека учениците од гимназиите задолжително полагаат државна или училишна матура. Во учебната 2022/2023 година, вкупниот број на ученици изнесува 69.471 (33.898 ученички), од кои 244 ученици (73 ученички) учат во училишта со ресурсен центар (за ученици со попреченост). Вкупниот број на наставен кадар изнесува 7.047 (од кои 4.447 жени). Споредено со учебната 2021/2022 година, вкупниот број на ученици бележи намалување од 2.5%, а бројот на ученици во училишта со ресурсен центар е зголемен за 5,6%. Учество на учениците во средните училишта во системот на стручно образование континуирано се зголемува и во 2022 година изнесува 69%.

Стапката на лица кои рано го напуштаат образованието во 2022 година изнесува 6.2% што е влошување споредено во 2021 година, кога изнесуваше 4.6%, но е сепак подобар односно под просекот на ЕУ.

Уделот на образованието како процент од БДП опадна на 4,0% (препорачаната меѓународна стапка е од 4 до 6%), поттикната од падот на популацијата на училишна возраст и зголемениот притисок за финансирање на други домени, вклучително и социјалната заштита и здравството (стареење на населението). Инвестициите по дете на училишна возраст се зголемија од просечни 65.923 денари во 2012 година (цени од 2022 година) на 80.302 денари (што е еднакво на 1.304 евра) во 2022 година – зголемување од 22% во периодот. Сепак, инвестициите во образованието се ниски во

споредба со понапредните економии во регионот. Ќе бидат потребни повеќе напори за да се обезбеди пристап до квалитетно и релевантно образование на сите сегменти од населението (вклучително и РДУ и ДУ).

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22) на Програма А-децентрализација, Потпрограма А2 -пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа, утврден е вкупен износ за блок дотации за основно и средно образование 19.316.500.000 денари. Од овој износ, како блок дотации за основно образование по општини распределени се 13.674.000.000 денари и блок дотации за средно образование 5.642.500.000 денари. Во пракса, досега износот на блок дотациите за основно образование што ги добива секоја општина се утврдува врз основа на износот одобрен за плати од претходната година и договореното зголемување на платите. Бројот на ученици, густината на населението и сл. се користат како параметри за распределба само на оној дел од блок дотациите што ќе остане по одбивање на расходите за платите. Фокусот на постојниот систем на распределба на блок дотациите за покривање на трошоците за плати резултира со недостаток на финансиски средства за исполнување на законски пропишаните образовни и инфраструктурни стандарди неопходни за подигнување на квалитетот на наставата и подобрување на образовните резултати на учениците.

Високото учество на платите (во некои општини и над 95%) се должи на неоптимизирана мрежа на училишта, односно неприлагоденост на бројот на училишта, паралелки и вработени на трендот на намалување на бројот на ученици. Населението во земјата е значително намалено, од 2,02 на 1,83 милиони (-9,1%) во периодот помеѓу 2002-2021 година. Падот се должи на широко распространетата емиграција и падот на стапката на плодност. Помеѓу 2002 и 2021 година, населението на училишна возраст е намалено за 31%, од 585.980 ученици (на возраст од 3-21 година) на 403.627, со просечно годишно намалување од 1,94%. Ова бара прилагодување на капацитетите на училишниот систем да се справат со сè помалиот број ученици на кои им треба школување. Тоа резултира со преполнетост на некои училишта, и недоволна искористеност на други училишта, каде што понекогаш има повеќе наставен кадар отколку ученици. Училиштата со различна кадровска екипираност, опременост и одржување на објектите резултираат со различен квалитет на образование, односно, постои неефикасна и неправична распределба на ресурсите меѓу училиштата.

Високото образование се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Според податоците на Државниот завод за статистика, во академската 2022/2023 година се запишани вкупно 53.821 студенти, што претставува зголемување за 4.2 % во однос на академската 2021/2022 година. Бројот на запишани студентки изнесува 30.969 или 57.5% од вкупниот број на студенти. Најголем број студенти (77.7%) се запишани на државните високообразовни установи, додека 22.3% се запишани на приватните високообразовни установи. Бројот на наставници и соработници во високообразовните установи во академската 2022/2023 година изнесува 4.496. Од вкупниот број наставници и соработници, 3.166 или 70.4 % се наставници а 1.330, т.е. 29.6 % се соработници во наставата. Бројот на наставнички и соработнички во академската 2022/2023 година изнесува 2 252 или 50.1 %.

Уделот на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование во 2022 година изнесува 35.7% што претставува намалување во однос на 2021 година (36.9%)

Во 2022 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1.883 лица од кои 1.590 или 84.4 % се магистри и 293 или 15.6 % се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти, во споредба со 2021 година е намален за 4.7 %. Учеството на жените магистри во вкупниот број на лица кои стекнале научен степен магистер на науки, во 2022 година е 61.3 %.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година, звањето доктор на науки го стекнале 197 лица, што претставува намалување за 2% во споредба со 2021 година. Бројот на жените што одбраниле докторска дисертација во текот на 2022 година изнесува 99 кандидатки, што претставува 50.3 % од вкупниот број лица.

Имајќи ги предвид демографските податоци и стареењто на населението, ќе биде потребен зголемен пристап до доживотното учење за да се стекне постарата работна популација со потребните вештини за современото работно место. Постоењето систем за образование на возрасни овозможува подигнување на квалитетот на образованието на возрасните во делот на формалното и неформалното образование, а со цел задоволување на потребите на пазарот на трудот преку обезбедување на кадар со потребните компетенции и вештини. Центарот за образование на возрасните верификува посебни програми кои водат до вештини. Најчесто лицата кои се вклучуваат во ваков вид на обуки најзаинтересирани се за обуките кои се од струките лични услуги, економска струка, угостителско – туристичка струка, медицинска струка. Со вклучувањето на верификуваните програми во реализација на мерката Обука за побарувани занимања, која е дел од Оперативниот план за активни мерки и програми интересот за програмите се прошири во сите струки. Трендот на зголемен интерес за верификација на посебни програми кои опфаќаат квалификации што водат до зелени работни места продолжува, со што се зголемува и бројот на обучени лица кои ги посетуваат овие обуки.

Во месец ноември 2022г. донесена е Концепцијата за средно образование на возрасни. Концепцијата ги поставува постулатите за развој на средното образование на возрасните во наредните 10 и повеќе години. Фокусот е ставен на мерки и активности што ќе овозможат возрасните лица активно да се приспособуваат на промените во општеството, кои ќе овозможат личен развој и инклузивно и кохезивно општество што учи и се развива.

### 1.2.2 ПЕСТ АНАЛИЗА (АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛЕН И ТЕХНОЛОШКИ ПЛАН):

Анализата на политички, економски, социјален и технолошки план (ПЕСТ анализа) е корисен метод кој ни овозможува да го согледаме влијанието на надворешните фактори врз работењето на Министерството за образование и наука.

Оттука од аспект на политичките фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука како најважни се:

- престојните политички избори во земјата
- стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија

– заклучоците кои произлегуваат од седниците на Владата кои треба да ги спроведе Министерството за образование и наука, во согласност со своите надлежности
– пристапниот процес во ЕУ

Поважни економски фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука се:
– обезбедени финансиски средства во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија
– економската стабилност
– пристап до меѓународни програми и фондови (пр. Хоризонт Европа, Еразмус +, Европски корпус на солидарност, Еурека, ИПА фондови...)
– можности за обезбедување на средства од донори за спроведување на одредени проектни активности

Поважни социјални фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука се:
– демографските податоци (населението на училишна возраст е намалено за 31%, од 585.980 ученици (на возраст од 3-21 година) на 403.627, со просечно годишно намалување од 1,94%.)
– последиците од пандемијата Ковид 19

Технолошки фактор кој има влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука е:
– напредокот на дигиталните технологии

### 1.2.4 SWOT АНАЛИЗА:

SWOT (Strenghts, Weaknesses, Opportunities and Threats) или анализа на предностите, слабите страни, можностите и опасностите (закани) е корисен метод кој ни овозможува да го согледаме влијанието на внатрешните фактори врз работењето на Министерството за образование и наука.

Предности на Министерството за образование и наука се:
- соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со ЕУ регулативата
- донесена сеопфатна Стратегија за образованието 2018-2025 г. и голем број на стратешки документи и концепции
- изработена сеопфатна анализа на образовниот систем во 2023 од страна на Институтот за образовни политики на Унеско
- соодветно едуциран кадар
- посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски
- одлична непосредна меѓусекторска соработка и поддршка од колегите (врз основа на анкетниот прашалник спроведен во рамки на МОН)
- подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации

Слаби страни на Министерството за образование и наука, кои се нотирани и со спроведената функционална анализа се:

- недостаток на човечки ресурси во одредени сектори
- непополнети раководни позиции (раководител на сектор и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени функции во внатрешното работење на Министерството.
- нема централизирана архива во Министерството. Не постои електронска архива, ниту електронска достава на документи (ДМС не се употребува во целост).

Можности за подобрување на постојната состојба на Министерството за образование и наука се:

- соодветна распределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација на вработени, и/или трансфери на вработени во соодветни сектори каде би можеле да дадат поголем придонес.
- Надградба на знаењето и стручно усовршување на вработените преку генерички обуки и специјализирани обуки потребни за развој на технички знаења и компетенции за вработените.

Опасности (закани) за редовното фукционирање на Министерството за образование и наука се:

- одлив на вработени кадри од министерството по основ на пензионирање или заминување на ново работно место и ненавремено пополнување на работните места со нови луѓе кои ќе го преземат знаењето и искуството

| | |
|---|---|
| ПРЕДНОСТИ:<br>- соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со ЕУ регулативата<br>- донесена сеопфатна Стратегија за образовието 2018-2025 г. и голем број на стратешки документи и концепции<br>- изработена сеопфатна анализа на образовниот систем во 2023 од страна на Институтот за образовни политики на Унеско<br>- соодветно едуциран кадар<br>- посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски<br>- одлична непосредна меѓусекторска соработка и поддршка од колегите (врз основа на анкетниот прашалник спроведен во рамки на МОН)<br>- подготвеност за брза рекација и промени во случај на непредвидени ситуации | СЛАБИ СТРАНИ:<br>- недостаток на човечки ресурси во одредени сектори<br>- непополнети раководни позиции (раководител на сектор и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени функции во внатрешното работење на Министерството.<br>- нема централизирана архива во Министерството. Не постои електронска архива, ниту електронска достава на документи (ДМС не се употребува во целост). |
| МОЖНОСТИ: | ОПАСНОСТИ (ЗАКАНИ): |

| | |
|---|---|
| - соодветна распределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација на вработени, и/или трансфери на вработени во соодветни сектори каде би можеле да дадат поголем придонес.<br>- Надградба на знаењето и стручно усовршување на вработнеите преку генерички обуки, и специјализирани обуки потребни за развој на технички знаења и компетенции за вработените. | - одлив на вработени кадри од министерството по основ на пензионирање или заминување на ново работно место и ненавремено пополнување на работните места со нови луѓе кои ќе го преземат знаењето и искуството |

## 1.2.5 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ, ПОТПРОГРАМИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО 2022 ГОДИНА :

**ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесени се нови наставни програми за второ и петто одделение согласно Концепцијата кои се применуваат во настава од септември 2022г., како и нови наставни програми за трето одделение кои ќе се применуваат во настава од септември 2023г.
- Од страна на БРО спроведено е Истражување за мислењето на наставниците што ја реализираат наставата според новата Концепција за основно образование во врска со придобивките и предизвиците од нејзината имплементација и подготвен е детален извештај
- Во месеците јуни-август се спроведе обука за наставниците кои предаваат во прво, второ, четврто и петто одделение во учебната 2022/2023 година. На обуката беа интегрирани трите модули: вовед во концепцијата, планирање и реализација на наставата според новата концепција и новите наставни програми, како и обука за медимска писменост и критичко размилсување.
- Порталот Едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини
- Во рамки на Проект за унапредување на основното образование- ПЕИП завршена е постапката и склучен е договор со компанија за проценка и проектирање на мрежна и информатичка инфрастуктура во 118 основни училишта.
- Сукцесивно намален е бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици и бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до четврто одделение).
- Вклучени се наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до четврто одделение
- Изградени се три нови училишни објекта, а во тек е изградба/доградба на уште три основни училишта
- Завршена е реконструкција на 29 основни училишта, а во тек е реконструкција на 21 училиште
- Завршена е изградбата на шест училишни спортски сали, а во фаза на изградба е една училишна спортска сала.

- Во месец јуни се спроведе државното тестирање односно проверка на знаењето по мајчин јазик и математка на 5800 третоодделеци (4200 ученици по мајчин јазик и 1600 ученици по математика од 120 училишта (79 училишта на македонски наставен јазик и 41 училиште на албански наставен јазик) во насока на обезбедување објективни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците.
- На 23.3.2022 се одржа првата конститутивна седница на Националната комисија за учебници формирана од Владата на Република Северна Македонија
- Изработени се нови учебници, согласно наставните програми за прво, второ, четврто и петто одделение, а започна постапката за изработка на нови учебници за трето одделение.
- Донесено е ново Упатство за спроведување на постапка за давање одобение за употреба на учебник по странски јазик во основно и средно образование бр.08-15422/1 од 21.12.2022г.
- На 36-та седница на Владата, одржана на 5.4.2022 разгледа и усвоена е Информација за одложување на примена на новите методологии за распределба на блок дотации за основно и средно образование по општини во 2022 година, со задолжение МОН до месец јуни 2023 година, да изготви нова методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите, која ќе се базира на нова формула со ревидирани показатели.

**ПОТПРОГРАМА 2: Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- За услугата образовна асистенција во Буџетот на МОН за 2022 година обезбедени се повеќе од 200 милиони денари. Во учебната 2021/22 година, во основните училишта се вклучени вкупно 911 ученици со посебни образовни потреби. Континуирано се спроведуваше соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта согласно утврдената реонизација.
- Направена е анализа на потребите за ангажирање дополнителни образовни асистенти во учебната 2022/23 година. Ангажирани се вкупно 627 образовни асистенти.
- Донесено е Упатство за изработка и релиција на Модифицирана наставна програма. Упатството е помошна алатка на училиштата во изработката на Модифицираната програма за учениците со комплексни потреби вклучени во основните училишта.
- МОН спроведе неколку постапки согласно ЗЈН за реконструкција на училишта во насока на подобрување на условите и пристапноста за учениците со попреченост.
- Продолжија активностите во рамки на двете програми за инклузивност финансирани од канцеларијата на ЕУ во Скопје: реконструкција во насока на обезбедување на пристапност на 15 образовни објекти и програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, за инклузија на деца со попреченост во редовното основно образование. Во рамки на втората програма реализирана е кампања во текот на месец мај 2022 година под мотото „Биди дете“. Исто така во рамките на проектот, одобрени се 8 апликации кои се однесуваат на отворање сензорни соби, набавка на дидактички материјали, инклузивно игралиште

- Во учебната 2021/2022 година пилотирана е програмата за сеопфатно сексуално образование. Воведувањето сеопфатно сексуално образование во основните училишта, значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството.
- Образовните медијатори (40) ангажирани од МОН, работеа на терен во 28 општини во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение. За учебната 2022/2023 запишани се вкупно 556 ученици Роми во прво одделение (од 1348 деца Роми). 792 првачиња не се запишани и за истите до почетокот на учебната година во септември се прават напори да се запишат. Од нив согласно извештаите на медијаторите и теренската работа, 165 се заминати во странство. Вратени се во настава вкупно 78 ученици Роми.
- Заврши ја активностите на Проектот „*Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование*", во рамки на кој поддржани со стипендија се 519 ученици од прво до четврто одделение.
- Изработени се нови наставни програми за предметот Јазик и култура на Србите и за предметот Јазик и култура на Турците за петто одделение. Објавен е Конкурс за издавање на учебник за предметот Јазик и култура на Србите (изборен) за V одделение
- Спроведен е Повикот за доделување на грантови на училиштата за организирање на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- Спроведени се Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2022 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и Јавен повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.
- Континуирано се доделуваа парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар.
- Одржан е државниот натпревар по кодирање за ученици на возраст од 10 до 15 години во рамките на програмата „Училишта на 21-от век".

**ПОТПРОГРАМА 3: Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2022 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
- Во месец мај се спроведоа обуки за наставници-обучувачи за медиумска писменост.
- Во месец мај започна серијалот на вебинари на порталот Едуино.

- Завршена е постапката за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните училишта и изготвени се Каталог за акредитирани програми за наставници и Каталог за стручни соработници, од страна на БРО. Каталозите се доставени до сите основни училишта со цел наставниците/стручните соработници да изберат обуки.
- Завршени се постапките за избор на провајдер и меѓународен експерт за спроведување на две истражувања (базично и последователно) кои ќе го измерат импактот од спроведените обуки и мерење на квалитетот на настава во основното образование, користејќи го TEACH инструментот на Светска Банка.
- По однос на повторениот повик за пријавување на наставници од основни училишта за напредување во звање „ментор“, вкупно 47 наставници се стекнаа со звање ментор.
- Објавен е конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.
- Во учебната 2021/2022 г. се применува Правилникот за дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште, со кој се намалува административната работа на наставниците.

**ПОТПРОГРАМА 4: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Спроведен е јавен повик за обучувачи кои треба да ја реализираат Програмата за обука и испит на директор на основни и средни училишта (за шест модули), постапката е завршена, избрани се обучувачи и започната е обуката на директорите.
- Усвоена е новата Програма за напредна обука на директори, чија имплементација ќе започне во 2023 година.
- Започнати се активности поврзани со подобрување на системот за обезбедување на квалитет (самоевалуација и интегрална евалуација), постоечката рамка и подзаконски акти за индикаторите на квалитет на училиштата. Избрани се 11 основни училишта во кои се спроведуваат пилот активности.

<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно основно образование, планираните активности се одвиваат согласно утврдената динамика, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов предлог Закон за средно образование, за кој во месец декември официјално започна јавната расправа со цел вклучување на мислењето и забелешките од сите засегнати страни.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2022 г. (Службен весник бр.7/22 од 12.1.2022)
- Завршена е реконструкција на 9 училишта: а во тек е реконструкција на 2 училишта.

- Во рамки на програмата финансирана со ИПА фондови за реконструкција на образовни објекти, изведени се градежни работи за адаптација на постоечките образовни објекти (основни и средни училишта и факултети) и обезбеден е пристап и функционалност за ученици/студенти со попреченост.
- Спроведен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование, Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата и Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование.
- Донесени се Стандарди за интеркултурно образование, во средно образование.
- Спроведен е Повикот за доделување на грантови на училиштата за организирање на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2022 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
- Развиена е дигитална платформа за обука и професионален развој на наставниците од средните стручни училишта. Платформата ИНОВЕТ (inovet.edu.mk) служи како дигитална база на наставниците во нивниот професионален развој, да им овозможува на едно место да добијат информација за обуки и курсеви за стручно усовршување и да можат онлајн да ги реализираат истите. Истовремено, преку е-библиотека, наставниците имаат пристап до материјали за стручно усовршување, а можат и меѓусебно да комуницираат и да споделуваат искуства и инструкции.
- Објавен е конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.
- Во учебната 2021/2022 г. се применува  Правилникот за дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во средното училиште. со кој се олеснува начинот на водење на педагошката евиденција.
- Државен испитен центар го спроведе ПИСА тестирање.
- За прв пат е развиена апликација за е-уписи во средно образование, за што во текот на месец април се  спроведоа обуки за сите училишта. За првото пријавување на учениците во конкурсниот рок, пристигнати се над 14.500 пријави од ученици.

**ПОТПРОГРАМА 2: Реформа на средното стручно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов предлог Законот за стручно образование и обука, кој е доставен во владина постапка на усвојување.
- Воведени се модуларни наставни програми базирани на резултати од учење за стручните и општо-образовните предмети за четврта година во техничко образование, од месец септември 2022, со што е завршена реформата на четиригодишното стручно образование.

- Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2022/2023 година.
- Конкурсот за упис на ученици за учебната 2022/2023 година целосно е усогласен согласно потребите на пазарот на трудот, што резултираше со отворање на 223 дуални паралелки за 2700 ученици, а вклучени се над 400 компании, што е двојно повеќе од учебната 2021/2022 кога беа отворени 97 дуални паралелки во кои беа запишани 1400 ученици, а вклучени беа 250 компании (учебната 2020/2021 имаше 11).
- Спроведени се конкурсите за доделување на 1500 стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование, 500 стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење и 240 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичката струка, електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска струка и текстилно-кожарска струка
- Во тек е реконструкција на државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Киро Бурназ", с.Долно Коњаре, Куманово и реконструкција/рехабилитација на државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески”, Охрид.
- Во рамки на ИПА, изработена е детална спецификација за опрема за регионалните центри.
- Во тек е постапка за одобрување на учебници за средно стручно образование

**ПОТПРОГРАМА 3: Ученички стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Спроведен е Конкурсот за упис во ученички домови.
- Доделени се стипендии за ученици со попреченост, за ученици од социјално-ранливите категории, ученици Роми, талентирани ученици..

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно средно образование и ученички стандард, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2021-2023 година, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**ПОТПРОГРАМА 1: Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесен е Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност со бр. 14-10/66 од 1.7. 2022
- Донесен е Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник бр. 153/22 од 6.7.2022)
- Донесен е Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (Службен весник бр. 256/22 од 28.11.2022)
- Објавени се јавни повици за формирање на стручни комисии за надворешна евалуација со професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA)
- Претставниците од МОН редовно учествуваа на состаноците на Работната група за признавање на академски квалификации организирана од страна RCC.

**ПОТПРОГРАМА 2: Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Согласно член 43 став 5 од Законот за високото образование, Националниот совет за високо образование предлага Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, која ја донесува Владата.

**ПОТПРОГРАМА 3: Студентски стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Уредбата за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, на предлог на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност (на 23-та седница на Владата одржана на 8.3.2022 г. и објавена во Службен весник бр.61/22 од 15.3.2022)
- Завршена е изградба на нов студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово во Тетово, а во тек е постапка за набавка на опрема.
- Завршена е првата фаза (претквалификација) од меѓународната тендерска постапка за избор на компанија/ии за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови.
- Завршија активностите за реконструкција и изведба на градежни работи на четири високо-образовни објекти (УКИМ: Факултет за архитектура и Градежен факултет, Правен факултет, Економски факултет и Филозофски и Филолошки факултет) во насока на обезбедување пристап и функционалност за лицата со посебни потреби.
- Воведени се два нови типа на студентски стипендии: за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, на студиски програми по историја на уметност, археологија, ликовна уметност и етнологија и антропологија и за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, на студиски програми за преведување и толкување од македонски на албански јазик и обратно (мајчин јазик) и преведување и толкување од албански на македонски јазик и обратно (немајчин јазик).
- Спроведени се Конкурсите за доделување на студентски стипендии за академската 2022/2023 година.

- Континуирано се спроведува Законот за субвенциониран студентски оброк. Тековни корисници се 29.440 студенти.

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно високо образование и студентски стандард, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2021-2023 година, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Ревизија на правната рамка за истражување и развој**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Продолжија активностите за изготвување на Стратегија за паметна специјализација. Завршен е процесот на претприменичко откривање и изготвен е извештај за одржаните дебати подготвен од меѓународниот извештај (позитивен). Започната е фазата на мониторинг и евалуцаија и изработка на првиот нацрт текст на Стратегијата за паметна специјализација.
- Донесен е Националниот патоказ за истражувачка инфраструктура, бр.15-1299/1 од 2.2.2022 г.
- Од страна на Националниот совет утврдена е листа на електронски бази на списанија, кои ќе се сметаат за референтни научни публикации.
- На 26.5.2022 од страна на Националниот совет утврдени се предлог области во кои преводите на капитални дела ќе се сметаат за референтни научни публикации.
- На 21.4.2022 од страна на Националниот совет утврдена е листа на релевантни домашни и меѓународни настани на кои уметничките изведби се земаат предвид при акредитација на ментори.

**ПОТПРОГРАМА 2: Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- МОН склучи нов петгодишен договор со EBSCO Publishing, за пристап до 14 бази на електронски научни списанија и информации со фактор на влијание кои вкупно опфаќаат над 57,000 списанија
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2022 година, Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2022 година и Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2022 година
- Спроведен е Конкурсот за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно - истражувачки труд за 2021 година.
- Спроведен е Конкурсот за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите на Web of Science или Scopus од наставниците и соработниците избрани на високообразовните/ научните установи во Република Северна Македонија, во 2021 година.

- Спроведен е Конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор и трет циклус во странство за академската 2022/2023 година
- Доделена е наградата „Гоце Делчев“ во 2022 година, која се доделува за научна книга или дело објавено во 2021 година, во областа на науката.
- Доделени се стипендии за втор и трет циклус на студии во земјава и во странство
- Континуирано се спроведуваат одобрените проекти (вкупно 7) по Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти за јавните научни установи.
- Континуирано се спроведуваат одобрените проекти (вкупно 44) по конкурсот за набавка на опрема за лаборатории, акредитација на лаборатории и сл. за сите субјекти кои вршат научно-истражувачка работа.

**ПОТПРОГРАМА 3: Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Исплатена е контрибуцијата за учество во Програмата „Хоризонт Европа“
- Продолжија активностите на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа.
- Претставниците од МОН, членови на Работната група за отворена наука во рамки на RSS, редовно учествуваа на состаноците на РГ.
- Доставена е номинација од МОН во Бордот на гувернери на директоратот на JRC.
- Во однос на билатералната соработка со Австрија, во првиот квартал започнаа да се спроведуваат 14-те проекти за периодот 2022-2023
- На 11.2.2022 г. на веб страната на МОН објавен е повик за доставување на проекти во рамки на Програма за техничка соработка на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) за проектниот циклус 2024-2025.
- Во месец ноември 2022 потпишана е Програма за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија во областа на образованието и научните истражувања за периодот 2023 - 2026 година, во рамки на која е предвидено и финансирање на заеднички-научно истражувачки проекти.

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Вложување во науката, истражувањето и иновациите, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2022-2024 година, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Развој на неформалното образование на возрасните**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Континуирано се спроведува стручен надзор на понудувачи на услуги (извршен стручен надзор над 14 установи/институции за образование на возрасни).

- Во соработка со ДПИ се направи пилотирање на Индикаторите за мерење на квалитет на неформално образование кај три понудувачи на услуги.
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните.

**ПОТПРОГРАМА 2: Формално образование на возрасните**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Верификувани се 128 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација како и стекнување на знаења, вештини и компетенции;
- Верификувани се 8 посебни програми кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции насочени кон оспособување на возрасните за работа и различни социјални активности;
- Донесена е Концепцијата за средно образование на возрасните. Концепцијата ги поставува постулатите за развој на средното образование на возрасните во наредните 10 и повеќе години. Фокусот е ставен на мерки и активности што ќе овозможат возрасните лица активно да се приспособуваат на промените во општеството, кои ќе овозможат личен развој и инклузивно и кохезивно општество што учи и се развива

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Образование на возрасни и доживотно учење, реализирани се најголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2022-2024 година, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

### 1.2.6 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ, ПОТПРОГРАМИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО 2023 ГОДИНА:

**ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесени се нови наставни програми за трето и шесто одделение согласно Концепцијата кои се применуваат во настава од септември 2023г. и нови наставни програми за седмо одделение кои ќе се применуваат во настава од септември 2024г.
- Во месеците јуни-август се спроведе обука за наставниците кои предаваат од прво до шесто одделение во учебната 2023/2024 година.
- Порталот Едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини.
- Во рамки на Проект за унапредување на основното образование - ПЕИП набавена еа мрежна и информатичка инфрастуктура за 40 основни училишта (етапна набавка од 118). За истите училишта со буџетски средства од МОН набавена е дополнителна опрема (персонални

компјутери, монитори и преносни компјутери, опрема за презентација на настава, систем за ИТ податочна безбедност, 3Д скенери, печатари, скенери, проектори, УПС, софтверски пакет за уредување и работа со документи.....)

- Сукцесивно намален е бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици и бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до петто одделение).
- Вклучени се наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2023 г. (Службен весник бр.27/23 од 8.2.2023, 167/23 од 7.8.2023 и 285/23 од 28.12.2023).
- Завршена е изградба доградба на три основни училишта а во тек е изградба/доградба на уште едно училишта и изградба на една училишна спортска сала.
- Завршена е реконструкција на 64 основни училишта, а во тек е реконструкција на 24 училишта.
- Спроведена е набавка (во рамки на PEIP проектот) на наставни и нагледни средства за општествени науки (историски карти, географски карти, мапи, глобуси и сл.) за потребите на основните училишта.
- Во месец септември се спроведе пробното државно тестирање односно проверка на знаењето по мајчин јазик и математика на ученици од петто одделение, во насока на обезбедување објективни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците.
- Со цел подигнување на квалитетот на содржината на учебниците, како и подобрување на процесот на откуп и одобрување на учебници во основното и средното образование, Министерството за образование и наука и Педагошката служба иницираа процес за изработка на нов Закон за учебници за основното и средното образование.
- Изработени се нови учебници, согласно наставните програми за трето и шесто одделение.
- Изработени се и први дигитализирани интерактивни учебници за 4-то, 5-то и 6-то одделение, кои содржат мултимедијални елементи како видеа, фотографии, илустрации, квизови и друга содржина што го прави процесот на стекнување знаења поинтересен, а со тоа и поефективен. Тие се во согласност со наставните програми и националните стандарди за постигањата на учениците во основното образование. Поставени се на посебна, стабилна платформа, nastava.mk и достапни се во секое време и од секое место каде може да се воспостави интернет врска
- Донесено е Упатство за изменување на Упатството за спроведување на постапка за давање одобение за употреба на учебник по странски јазик во основно и средно образование бр.08-3531/1 од 23.3.2023г.
- Во владина постапка доставена е Информацијата за воведување нова методологија за распределба на блок дотации по општини за финансирање на основното образование.
- Во однос на оптимизацијата на училишната мрежа, започната е постапка со 10 пилот општини, за кои се изготвени предлог планови за оптимизација. Во тек се консултативни состаноци помеѓу МОН и општините со теренски посети.

**ПОТПРОГРАМА 2: Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- За услугата образовна асистенција во Буџетот на МОН за 2023 година обезбедени се повеќе од 390 милиони денари. Направена е анализа на потребите за ангажирање дополнителни образовни асистенти во учебната 2023/24 година. Ангажирани се над 800 образовни асистенти.
- Министерот за образование и наука ја утврди Програмата за обука за образовни асистенти за 2023г. со број 18-2671/1 од 3.3.2023
- Од страна на МТСП, МЗ и МОН донесен е нов Правилник за функционалната проценка, објавен во Службен весник бр.9 од 17.1.2023 г.
- МОН спроведе неколку постапки согласно ЗЈН за реконструкција на училишта во насока на подобрување на условите и пристапноста за учениците со попреченост.
- Министерството започна кампања: Заедно да ставиме крај на училишното насилство, во рамки на која упати апел до сите граѓани, доколку биде забележан било каков облик на насилно однесување во училиштата, да биде пријавен на специјално отворената електронска адреса prijavinasilstvo@mon.gov.mk, односно paraqitdhune@mon.gov.mk, или пак до стручните служби во училиштата, со цел навремено да се реагира и да е спречат посериозни инциденти и последици.
- Продолжи имплементацијата на Програмата за психосоцијална помош и поддршка во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини (изработена од страна на Уницеф); изготвена е онлајн обука, поставена на Едунио порталот (обуката на порталот ја поминаа повеќе од 300 стручни соработници) како надополнување на претходно обучените 700 стручни соработници.
- Образовните медијатори (40) ангажирани од МОН, работеа на терен во 28 општини во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение.
- Спроведен е повик за изработка на учебници согласно новите наставни програми за шесто одделение за предметите босански, српски и турски јазик.
- Спроведен е Повикот за доделување на грантови на училиштата за организирање на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- Спроведени се Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2023 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и Јавен повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.
- Континуирано се доделуваа парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар.

**ПОТПРОГРАМА 3: Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2023 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
- Спроведена е втората фаза на обуки на наставници и стручни соработници согласно Каталогот за акредитирани програми за наставници и Каталогот за стручни соработници.
- Завршено е базичното истражување (мерење на квалитетот на настава во основното образование) користејќи го TEACH инструментот на Светска Банка пред реализација на обуките на наставниците.
- Во месец април и мај се спроведоа обуки за наставници-обучувачи за медиумска писменост.
- МОН и УНИЦЕФ организираа работилници за јакнење на компетенциите на стручните соработници во училиштата, во кои беа вклучени повеќе од 500 стручни соработници
- По однос на повторениот (трет) повик за пријавување на наставници од основни училишта за напредување во звање „ментор“, вкупно 47 наставници се стекнаа со звање ментор.
- На 146-та седница на Владата, одржана на 11.4.2023 утврден е текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници, како и образованието на возрасни и образованието во казнено поправните и воспитно поправните установи. Законот е доставен во собраниска постапка на донесување.
- Спроведен е конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.

**ПОТПРОГРАМА 4: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Започна примената на Програмата за напредна обука на директори.
- Спроведено е пилотирање на самоевалуација по новата предлог рамката за квалитет и новите индикатори во четири подрачја, во селектираните 11 основни училишта. Дополнително овие училишта добија грант во рамки на ПЕИП проектот за имплементација на развојната програма на училиштата.
- Изготвени се Водич за подготвување, реализација и следење на развојна програма на училиштето и Оперативен прирачник за имплементација на грант-програма за унапредување на квалитетот на работата на основните училиштата.

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно основно образование, планираните активности се одвиваат согласно утврдената динамика, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов предлог Закон за средно образование, кој е доставен во владина постапка на усвојување.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2023 г. (Службен весник бр.27/23 од 8.2.2023)
- Завршена е реконструкција на едно а во тек е реконструкција на 6 училишта.
- Објавени се резултатите од ПИСА тестирањето. Со минимална разлика, резултатите за Северна Македонија го задржуваат нивото кое беше измерено во 2018 година. Од вкупно 81 држава кои беа дел од тестирањето, со постигнати 389 поени, нашата земја е на 61-то место според резултатите по математика. Со постигнатите 359 поени при мерењето на јазичната писменост, односно читање со разбирање, рангирани сме на 71-то место, додека по природни науки нашите ученици постигнаа 380 поени, што ја рангира државата на 68-то место во Европа.
- Спроведен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование, Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата и Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование.
- Спроведен е Повикот за доделување на грантови на училиштата за организирање на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2023 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
- Спроведен е конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.

**ПОТПРОГРАМА 2: Реформа на средното стручно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов предлог Законот за стручно образование и обука, кој е доставен во владина постапка на усвојување.
- Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2023/2024 година. Одржани се голем број на работилници/обуки на локално ниво во насока на зајакнување на капаццитетите на општините за анализа на потребите на бизнис заедницата при утврдување на квоти за упис во средно образование.
- Конкурсот за упис на ученици за учебната 2023/2024 година целосно е усогласен согласно потребите на пазарот на трудот. Во учебната 2023/2024 во средно стручно образование се запишаа над 43 илјади ученици а од нив над 6.900 ученици во 592-те дуални паралелки. Оваа учебна година 67,3 проценти од учениците одбраа стручно образование, споредено со гимназиското.
- Спроведени се конкурсите за доделување на 1500 стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование, 500 стипендии за ученици

кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење и 240 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичката струка, електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска струка и текстилно-кожарска струка
- Завршена е реконструкцијата на државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Киро Бурназ", с.Долно Коњаре, Куманово а во завршна фаза е Реконструкцијата/рехабилитацијата на Регионалниот центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески", Охрид. Во однос на регионалниот центар во Тетово, на 12.10.2023 објавени се постапки за реконструкција и надзор над реконструкција, согласно ЗЈН, со рок на поднесување на понуди до 15.11.2023. Во тек е евалуација на пристигнатите понуди.
- На 198-та седница на Владата, одржана на 7.11.2023 усвоени се одлуки за основање на два нови регионални центри СОУ „Никола Карев" Струмица и СОУ „Коле Неделковски" Велес, кои стапуваат на сила од 1.1.2024г.
- Спроведени се неколку постапки за одобрување на учебници за средно стручно образование.

**ПОТПРОГРАМА 3: Ученички стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Спроведен е Конкурсот за упис во ученички домови
- Доделени се стипендии за ученици со попреченост, за ученици од социјално-ранливите категории, ученици Роми, талентирани ученици.
- Во завршна фаза е реконструкција на ученичкиот дом Ванчо Питошески во Охрид (во склоп на регионалниот центар за стручно образование и обука).
- Согласно Законот за јавни набавки објавени се 2 нови јавни набавки: реконструкција на ученички дом ДУД „Мирка Гинова" Битола и реконструкција на ученички дом ЈУУДГС „Здравко Цветковски".

<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно средно образование и ученички стандард, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2023-2025 година, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**ПОТПРОГРАМА 1: Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесен е Правилник за содржината на студиските програми (Службен весник бр. 79/23 од 12.4.2023г.)
- Донесен е Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи (Службен весник бр.125/23 од 15.6.2023г)
- Објавени се повторни јавни повици за формирање на стручни комисии за надворешна евалуација со професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA)

- Во владина постапка доставена е Информација за потребата од отпочнување постапка за вршење на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, со задолжение Одборот за евалуација на високото образование, да формира стурчни комисии и во рок од 30 дена да започне со спроведување на постапки на надворешна евалуација.
- Согласно ЗЈН објавена е набавка на услуга за рангирање на јавни и приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија, запишани во регистарот на високообразовни установи
- Претставниците од МОН редовно учествуваа на состаноците на Работната група за признавање на академски квалификации организирана од страна RCC. Од страна на Собранието усвоен е Законот за ратификација на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан (Службен весник бр.87 од 25.4.2023)
- Владата на 194-та седница, одржана на 24.10.2023г. го прифати предлог Договорот за пристап до студии и прием на висообразовани установи во Западен Балкан и ја усвои Информацијата за именување на преговарач и заменик преговарач од МОН.

**ПОТПРОГРАМА 2: Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- На 3.11.2023г. одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на која присуствуваа претставници на владини институции, професори и експерти од областа на високото образование и науката, со која започна процесот на креирање четири стратешки документи, меѓу кои и Националната програма за високо образование и Уредба за финансирање на ВОУ

**ПОТПРОГРАМА 3: Студентски стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Завршена е целосно постапката за изградба и опремување на новиот студентскиот дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово. На 1.11.2023 започна сместувањето на студентите.
- Заврши втората фаза од меѓународната тендерска постапка за избор на компанија/ии за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови. На 29.12.2023 склучен е договор за реконструкција на студентските домови „Стив Наумов“ и „Кузман Јосифовски Питу“, во вредност од 17 милиони евра. Активностите на терен ќе започнат во месец јануари 2024 со рок на изведба од 18 месеци.
- Спроведени се Конкурсите за доделување на студентски стипендии за академската 2023/2024 година.
- Од страна на Собранието донесени се измените на Законот за субвенциониран студентски оброк, со кои се обезбедува ново системско решение, зголемување на износот на оброкот од 120 на 140 денари на ден, редовна исплата и регулирање на основот за кој средствата можат да се искористат. Измените се објавени во Службен весник бр.91/2023 од 28.4.2023г.
- Врз основа на Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани (Службен весник бр.269/2023 од 18.12.2023) на 18.12.2023 МОН објави Јавен повик за остварување финансиска поддршка на студенти кои живеат надвор од местото на студирање за

академската 2023/2024 година. За добивање на финансиска поддршка кандидатите се пријавуваа електронски, на следниот линк: https://e-uslugi.mon.gov.mk, со рок на пријавување до 24.12.202г.

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно високо образование и студентски стандард, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2023-2025 година, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Ревизија на правната рамка за истражување и развој**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Стратегијата за паметна специјализација 2023-2027 со Акциски план 2024-2025 е усвоена/донесена на 207-та седница на Владата, одржана на 12.12.2023г..

**ПОТПРОГРАМА 2: Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Спроведен е Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2023 година, Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2023 година и Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2023 година
- Спроведен е Конкурсот за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно - истражувачки труд за 2022 година.
- Спроведен е Конкурсот за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите на Web of Science или Scopus од наставниците и соработниците избрани на високообразовните/ научните установи во Република Северна Македонија, во 2022 година.
- Доделена е наградата „Гоце Делчев“ во 2023 година, која се доделува за научна книга или дело објавено во 2022 година, во областа на науката. Објавен е повикот за наградата за научна книга или дело објавени во 2023г.
- Континуирано се спроведуваа одобрените проекти (вкупно 7) по Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти за јавните научни установи.
- Континуирано се спроведуваа одобрените проекти (вкупно 44) по конкурсот за набавка на опрема за лаборатории, акредитација на лаборатории и сл. за сите субјекти кои вршат научно-истражувачка работа.

**ПОТПРОГРАМА 3: Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Континуирано се проследуваа повиците во рамки на Програмата „Хоризонт Европа“
- Продолжија активностите на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа. Во владина постапка е доставена Информација за учество на Република Северна Македонија во активностите на проектот за изградба на SEEIIST на територијата на Република Северна Македонија, со цел донесување одлука за поднесување на апликација – кандидатура за добивање на локацијата за изградба на објект, за да стане држава - домаќин на SEEIIST.
- Претставниците од МОН, членови на Работната група за отворена наука во рамки на RSS, редовно учествуваа на состаноците на РГ.
- Редовно се одржуваа состаноци на Управниот одбор на EOSC на кој учествуваа претставниците номирани од МОН
- Во однос на билатералната соработка со Австрија, продолжија да се спроведуваат 14-те проекти за периодот 2022-2023
- На 25.4.2023 на веб страната на МОН објавен е Конкурс за заеднички научно-истражувачки проекти помеѓу Северна Македонија и Австрија за периодот 2024 – 2025 година. Одобрени се за финансирање 17 проекти

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Вложување во науката, истражувањето и иновациите, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2023-2025 година, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Развој на неформалното образование на возрасните**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Континуирано се врши стручен надзор над установите/институциите за образование на возрасни
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани програми за образование на возрасните

**ПОТПРОГРАМА 2: Формално образование на возрасните**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Верификувани се 42 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација
- Верификувани се 3 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции, а 2 се во процедура;
- Активно учество во актинвостите на ИПА проектот ТП на Договорот за изведба на реформи во секторот „ЕУ за млади“ поврзани со образованието на возрасните;

- Активно учество во актинвостите на ИПА проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието за возрасни“поврзани со образованието на возрасните;
- Континуирано се спроведува стручен надзор на понудувачи на услуги (извршен стручен надзор над 4 установи/институции за образование на возрасни)
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните

<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамки на Програмата - Образование на возрасни и доживотно учење, реализирани се најголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2023-2025 година, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

## 1.3 МИСИЈА

Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот[1], во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење, воедно вложувајќи во континуиран развој на научно-истражувачката дејност

## 1.4 ВИЗИЈА

Придонес во развивањето на европските образовни вредности преку обезбедување на *сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот“[2]. Создавање на конкурентен национален образовен систем заснован на современи програми што овозможуваат стекнување со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент. Инвестициите во квалитетен образовен ситем ќе бидат основа за* забрзувањето на темпото на економски раст и развој на научно – истражувачките и иновативните процеси.

## 1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Министерството за образование и наука ги врши работите во следниве области:

[1]Во овој контекст, под терминот „ученик“ се подразбира секој учесник во воспитно-образовниот процес.
[2]Во овој контекст, под терминот „ученик“ се подразбира секој учесник во воспитно-образовниот процес..

- воспитанието и образованието од сите видови и степени;
- организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката;
- воспитанието и образованието на децата на државјани на Република Северна Македонија кои се на привремена работа и престој во странство;
- верификацијата на струките и профилите во образованието;
- унпаредување на ученичкиот и студентскиот стандард;
- инвестирање во информатичка технологија и е-образование;
- технолошкиот развој, поддршка на иновациите и техничката култура;
- меѓународна научно-техничка соработка;
- надзорот од негова надлежност;
- врши и други работи утврдени со закон.

## 1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Вршењето на работите за кои е надлежно Министерството за образование и наука се засноваат на надлежностите и обврските што произлегуваат од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за високото образование, Законот за научно-истражувачката дејност, Законот за ученичкиот стандард, Законот за студентскиот стандард, Законот за поттикнување и помагање на техничката култура, Закон за отворени граѓански универзитети за доживотно учење, Закон за Бирото за развој на образованието, Закон за педагошка служба, Закон за стручно образование и обука, Закон за учебници за основно и средно образование, Закон за Државниот испитен центар, Закон за образование на возрасните, Закон за просветната инспекција, Закон за признавање на професионалните квалификации, Закон за иновациската дејност, Закон за националната рамка на квалификации, Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Закон за наставници во основните и средните училишта,  Закон за спортска академија, Закон за Математичко-информатичка гимназија, Закон за високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование и подзаконските акти кои произлегуваат од нив, како и актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Министерството.

Во своето работење министерството ги поддржува следните основни принципи: транспарентност во работата и дисеминација на резултатите; отчетност, поврзаност со сите институции од воспитно-образовниот систем; поврзаност со стопанството; со невладиниот и граѓанскиот сектор и други субјекти кои имаат допирни точки со образованието и наука.

## 1.7 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО



Министер
Државни советници
Заменик министер
Државен секретар
Орган во состав Педагошка служба
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија
Сектор за основно образование
Одделение за основно образование
Одделение за финансирање на основно образование и кариерен развој
Одделение за наставници за образование на децата на државјаните на РСМ кои престојуваат во странство
Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење
Одделение за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење
Одделение за финансирање на средното образование и кариерен развој
Сектор за финансиски прашања
Одделение за буџетска координација
Одделение за буџетска контрола
Одделение за сметководство и плаќање
Сектор за организациони работи на Министерството
Одделение за архивско работење и организациони работи
Одделение за односи со јавност и протокол
Одделение за капитални инвестиции
Одделение за координација на јавните набавки
Одделение за информатичка поддршка
Сектор за Европска унија
Одделение за преговори и интеграција во Европската унија
Одделение за имплементација и координација на ИПА
Одделение за програмирање, мониторинг и евалуација на ИПА
Сектор за меѓународна соработка во образованието
Одделение за Национална рамка на квалификации
Одделение за меѓународна соработка во образованието
Сектор за наука и иновации
Одделение за развој на научно истражувачките кадри и поддршка на науката и иновациите
Одделение за преведена стручна и научна литература
Сектор за стратешко планирање и анализи за креирање на политики
Одделение за стратешко планирање, следење и евалуација на политики
Одделение за аналитика и истражување на развојно образовани политики
Сектор за ученички и студентски стандард
Одделение за ученички стандард
Одделение за студентски стандард
Сектор за високо образование
Одделение за високообразовна мрежа
Одделение за поддршка на телата за квалитет во високото образование
Сектор за еквиваленција и нострификација
Одделение за еквиваленција и нострификација на основно и средно образование
Одделение за еквиваленција и нострификација на високо образование
Сектор за нормативно правни работи
Одделение за нормативно-правни работи во дејностите
Одделение за правосудни, имотно-правни и административни работи

## 1.8 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ




## 1.9 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

За реализација на стратешкиот приоритет и цели на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука за периодот 2024-2026 година има утврдено (4) четири приоритети, за чиешто спроведување се утврдени 22 (дваесет и две) цели:

**Приоритет 1: Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал**

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Продолжување со реформа на наставните програми во основното образование и реформа на наставните програми во средното образование;
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното и средното образование

- Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците;
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните и средните училишта и ученичките домови (иницијални и континуирани обуки);
- Зголемување на ефективноста на организирањето, финансирањето и управувањето со основното и средното образование (воведување на нова формула за финансирање и оптимизација на училишната мрежа);
- Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, модернизирање на системот за стручно образование обука и системот за образование на возрасни согласно перспективата за доживотно учење;
- Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување:
- Понатамошно унапредување на воспоставениот систем на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги
- Унапредување на менталното здравје, превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем;

**<u>Приоритет 2: Обезбедување квалитетно и инклузивно високо образование и унапредување на студентскиот стандард</u>**

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики;
- Подобрување на достапноста и системот за запишување во високото образование;
- Развој и имплементација на нов модел за финансирање на високото образование;
- Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование;
- Подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата;
- Унапредување на менталното здравје, превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во високото образование.

**<u>Приоритет 3: Зголемено вложување и развој на науката, истражувањето и иновациите</u>**

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Воспоставување на механизми за транфер на знаењата на релација наука-стопанство, наука-јавна и државна управа и наука-невладини организации;
- Ревизија на правната рамка за истражување и развој;
- Зголемување на националните средства за истражувачка дејност;
- Имплементација на Стратегијата за паметна специјализација и нејзина етапна имплементација;
- Континуирана поддршка на активностите на Фонд за иновации и технолошки развој;
- Зголемување на меѓународната соработка во областа на науката, истражувањето и иновациите, преку склучување на нови билатерални договори;

**<u>Приоритет 4: Зголемување на опфатот во системот на доживотно учење:</u>**
Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Континуирано унапредување на системот на формално образование на возрасните;
- Воспоставување на систем за валидација на неформалното и информалното учење до крај на 2024 година;

## 1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА:

**ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Донесени се нови наставни програми за второ и петто одделение согласно Концепцијата кои се применуваат во настава од септември 2022г. како и нови наставни програми за третто одделение кои ќе се применуваат во настава од септември 2023г.
- Од страна на БРО спроведено е Истражување за мислењето на наставниците што ја реализираат наставата според новата Концепција за основно образование во врска со придобивките и предизвиците од нејзината имплементација и подготвен е детален извештај.
- Во месеците јуни-август се спроведе обука за наставниците кои предаваат во прво, второ, четврто и петто одделение во учебната 2022/2023 година. На обуката беа интегрирани трите модули: вовед во концепцијата, планирање и реализација на наставата според новата концепција и новите наставни програми, како и обука за медиумска писменост и критичко размислување.
- Порталот Едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини.
- Во рамки на Проект за унапредување на основното образование - ПЕИП завршена е постапката и склучен е договор со компанија за проценка и проектирање на мрежна и информатичка инфрастуктура во 118 основни училишта.
- Сукцесивно намален е бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици и бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до четврто одделение).
- Вклучени се наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до четврто одделение.
- Изградени се три нови училишни објекта, а во тек е изградба/доградба на уште три основни училишта.
- Завршена е реконструкција на 29 основни училишта, а во тек е реконструкција на 21 училиште.
- Завршена е изградбата на шест училишни спортски сали, а во фаза на изградба е една училишна спортска сала.

- Во месец јуни се спроведе државното тестирање односно проверка на знаењето по мајчин јазик и математика на 5800 третодделенци (4200 ученици по мајчин јазик и 1600 ученици по математика) од 120 училишта (79 училишта на македонски наставен јазик и 41 училиште на албански наставен јазик) во насока на обезбедување објективни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците.
- На 23.3.2022 се одржа првата конститутивна седница на Националната комисија за учебници формирана од Владата на Република Северна Македонија.
- Изработени се нови учебници, согласно наставните програми за прво, второ, четврто и петто одделение, а започна постапката за изработка на нови учебници за трето одделение.
- Донесено е ново Упатство за спроведување на постапка за давање одобение за употреба на учебник по странски јазик во основно и средно образование бр.08-15422/1 од 21.12.2022г.
- На 36-та седница на Владата, одржана на 5.4.2022 разгледа и усвоена е Информација за одложување на примена на новите методологии за распределба на блок дотации за основно и средно образование по општини во 2022 година, со задолжение МОН до месец јуни 2023 година, да изготви нова методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите, која ќе се базира на нова формула со ревидирани показатели.
- За услугата образовна асистенција во Буџетот на МОН за 2022 година обезбедени се повеќе од 200 милиони денари. Во учебната 2021/22 година, во основните училишта се вклучени вкупно 911 ученици со посебни образовни потреби. Континуирано се спроведуваше соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта согласно утврдената реонизација.
- Направена е анализа на потребите за ангажирање дополнителни образовни асистенти во учебната 2022/23 година. Ангажирани се вкупно 720 образовни асистенти.
- Донесено е Упатство за изработка и реализација на Модифицирана наставна програма. Упатството е помошна алатка на училиштата во изработката на Модифицираната програма за учениците со комплексни потреби вклучени во основните училишта.
- МОН спроведе неколку постапки согласно ЗЈН за реконструкција на училишта во насока на подобрување на условите и пристапноста за учениците со попреченост.
- Продолжија активностите во рамки на двете програми за инклузивност финансирани од канцеларијата на ЕУ во Скопје: реконструкција во насока на обезбедување на пристапност на 15 образовни објекти и програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран", за инклузија на деца со попреченост во редовното основно образование. Во рамки на втората програма реализирана е кампања во текот на месец мај 2022 година под мотото „Биди дете". Исто така во рамките на проектот, одобрени се 8 апликации кои се однесуваат на отворање сензорни соби, набавка на дидактички материјали, инклузивно игралиште.
- Во учебната 2021/2022 година политирана е програмата за сеопфатно сексуално образование. Воведувањето сеопфатно сексуално образование во основните училишта, значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството.
- Образовните медијатори (40) ангажирани од МОН, работеа на терен во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение. За учебната 2022/2023 запишани се вкупно 556 ученици Роми во прво одделение (од 1348 деца Роми). 792 првачиња не се запишани и за истите до почетокот на учебната година во септември се прават напори да

се запишат. Од нив согласно извештаите на медијаторите и теренската работа, 165 се заминати во странство.Вратени се во настава вкупно 78 ученици Роми.

- Завршија активностите на Проектот „*Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование*", во рамки на кој поддржани со стипендија се 519 ученици од прво до четврто одделение.
- Изработени се нови наставни програми за предметот Јазик и култура на Србите и за предметот Јазик и култура на Турците за петто одделение. Објавен е Конкурс за издавање на учебник за предметот Јазик и култура на Србите (изборен) за V одделение.
- Спроведен е Повикот за доделување на грантови на училиштата за организирање на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- Спроведени се Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2022 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и Јавен повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.
- Континуирано се доделуваа парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар.
- Одржан е државниот натпревар по кодирање за ученици на возраст од 10 до 15 години во рамките на програмата „Училишта на 21-от век".
- Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2022 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
- Во месец мај се спроведоа обуки за наставници-обучувачи за медиумска писменост.
- Во месец мај започна серијалот на вебинари на порталот Едуино.
- Завршена е постапката за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните училишта и изготвени се Каталог за акредитирани програми за наставници и Каталог за стручни соработници, од страна на БРО. Каталозите се доставени до сите основни училишта со цел наставниците/стручните соработници да изберат обуки.
- Завршени се постапките за избор на провајдер и меѓународен експерт за спроведување на две истражувања (базично и последователно) кои ќе го измерат импактот од спроведените обуки и мерење на квалитетот на настава во основното образование, користејќи го TEACH инструментот на Светска Банка.
- По однос на повторениот повик за пријавување на наставници од основни училишта за напредување во звање „ментор", вкупно 47 наставници се стекнаа со звање ментор.
- Објавен е конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.

- Во учебната 2021/2022 г. се применува Правилникот за дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште, со кој се намалува административната работа на наставниците.
- Спроведен е јавен повик за обучувачи кои треба да ја реализираат Програмата за обука и испит на директор на основни и средни училишта (за шест модули), постапката е завршена, избрани се обучувачи и започната е обуката на директорите.
- Усвоена е новата Програма за напредна обука на директори, чија имплементација ќе започне во 2023 година.
- Започнати се активности поврзани со подобрување на системот за обезбедување на квалитет (самоевалуација и интегрална евалуација), постоечката рамка и подзаконски акти за индикаторите на квалитет на училиштата. Избрани се 11 основни училишта во кои се спроведуваат пилот активности.

**ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов предлог Закон за средно образование, за кој во месец декември официјално започна јавната расправа со цел вклучување на мислењето и забелешките од сите засегнати страни.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2022 г. (Службен весник бр.7/22 од 12.1.2022)
- Завршена е реконструкција на 9 училишта, а во тек е реконструкција на 2 училишта.
- Во рамки на програмата финансираа со ИПА фондови за реконструкција на образовни објекти, изведени се градежни работи за адаптација на постоечките образовни објекти (основни и средни училишта и факултети) и обезбеден е пристап и функционалност за ученици/студенти со попреченост.
- Спроведен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование, Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата и Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование.
- Донесени се Стандарди за интеркултурно образование, во средно образование.
- Спроведен е Повикот за доделување на грантови на училиштата за организирање на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2022 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
- Развиена е дигитална платформа за обука и професионален развој на наставниците од средните стручни училишта. Платформата ИНОВЕТ (inovet.edu.mk) служи како дигитална база на наставниците во нивниот професионален развој, да им овозможува на едно место да добијат информација за обуки и курсеви за стручно усовршување и да можат онлајн да ги реализираат истите. Истовремено, преку е-библиотека,

наставниците имаат пристап до материјали за стручно усовршување, а можат и меѓусебно да комуницираат и да споделуваат искуства и инструкции.

- Објавен е конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.
- Во учебната 2021/2022 г. се применува Правилникот за дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во средното училиште. со кој се олеснува начинот на водење на педагошката евиденција.
- Државен испитен центар го спроведе ПИСА тестирање.
- За прв пат е развиена апликација за е-уписи во средно образование, за што во текот на месец април се спроведоа обуки за сите училишта. За првото пријавување на учениците во конкурсниот рок, пристигнати се над 14.500 пријави од ученици.
- Изготвен е нов предлог Законот за стручно образование и обука, кој е доставен во владина постапка на усвојување.
- Воведени се модуларни наставни програми базирани на резултати од учење за стручните и општо-образовните предмети за четврта година во техничко образование, од месец септември 2022, со што е завршена реформата на четиригодишното стручно образование.
- Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2022/2023 година.
- Конкурсот за упис на ученици за учебната 2022/2023 година целосно е усогласен согласно потребите на пазарот на трудот, што резултираше со отворање на 223 дуални паралелки за 2700 ученици, а вклучени се над 400 компании, што е двојно повеќе од учебната 2021/2022 кога беа отворени 97 дуални паралелки во кои беа запишани 1400 ученици, а вклучени беа 250 компании (учебната 2020/2021 имаше 11).
- Спроведени се конкурсите за доделување на 1500 стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование, 500 стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење и 240 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичката струка, електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска струка и текстилно-кожарска струка.
- Во тек е реконструкција на државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Киро Бурназ", с.Долно Коњаре, Куманово и реконструкција/рехабилитација на државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески”, Охрид.
- Во рамки на ИПА, изработена е детална спецификација за опрема за регионалните центри.
- Во тек е постапка за одобрување на учебници за средно стручно образование.
- Спроведен е Конкурсот за упис во ученички домови.
- Доделени се стипендии за ученици со попреченост, за ученици од социјално-ранливите категории, ученици Роми, талентирани ученици.

**ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Донесен е Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност со бр. 14-10/66 од 1.7. 2022.
- Донесен е Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник бр. 153/22 од 6.7.2022)
- Објавени се јавни повици за формирање на стручни комисии за надворешна евалуација со професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).
- Претставниците од МОН редовно учествуваа на состаноците на Работната група за признавање на академски квалификации организирана од страна RCC.
- Донесена е Уредбата за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, на предлог на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност (на 23-та седница на Владата одржана на 8.3.2022 г. и објавена во Службен весник бр.61/22 од 15.3.2022).
- Завршена е изградба на нов студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово во Тетово, а во тек е постапка за набавка на опрема.
- Завршена е првата фаза (претквалификација) од меѓународната тендерска постапка за избор на компанија/ии за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови.
- Завршија активностите за реконструкција и изведба на градежни работи на четири високо-образовни објекти (УКИМ:Факултет за архитектура и Градежен факултет, Правен факултет, Економски факултет и Филозофски и Филолошки факултет) во насока на обезбедување пристап и функционалност за лицата со посебни потреби.
- Воведени се два нови типа на студентски стипендии: за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, на студиски програми по историја на уметност, археологија, ликовна уметност и етнологија и антропологија и за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, на студиски програми за преведување и толкување од македонски на албански јазик и обратно (мајчин јазик) и преведување и толкување од албански на македонски јазик и обратно (немајчин јазик).
- Спроведени се Конкурсите за доделување на студентски стипендии за академската 2022/2023 година.
- Континуирано се спроведува Законот за субвенциониран студентски оброк. Тековни корисници се 29.440 студенти.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Продолжија активностите за изготвување на Стратегија за паметна специјализација. Завршен е процесот на претпримничко откривање и изготвен е извештај за одржаните дебати подготвен од меѓународниот извештај (позитивен). Започната е фазата на мониторинг и евалуцаија и изработка на првиот нацрт текст на Стартегијата за паметна специјализација.
- Донесен е Националниот патоказ за истражувачка инфраструктура, бр.15-1299/1 од 2.2.2022 г.

- Од страна на Националниот совет утврдена е листа на електронски бази на списанија, кои ќе се сметаат за референтни научни публикации.
- На 26.5.2022 од страна на Националниот совет утврдени се предлог области во кои преводите на капитални дела ќе се сметаат за референтни научни публикации.
- На 21.4.2022 од страна на Националниот совет утврдена е листа на релевантни домашни и меѓународни настани на кои уметничките изведби се земаат предвид при акредитација на ментори.
- МОН склучи нов петгодишен договор со EBSCO Publishing, за пристап до 14 бази на електронски научни списанија и информации со фактор на влијание кои вкупно опфаќаат над 57,000 списанија.
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2022 година, Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2022 година и Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2022 година.
- Спроведен е Конкурсот за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно - истражувачки труд за 2021 година.
- Спроведен е Конкурсот за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите на Web of Science или Scopus од наставниците и соработниците избрани на високообразовните/научните установи во Република Северна Македонија, во 2021 година.
- Спроведен е Конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор и трет циклус во странство за академската 2022/2023 година
- Доделена е наградата „Гоце Делчев“ во 2022 година, која се доделува за научна книга или дело објавено во 2021 година, во областа на науката.
- Доделени се стипендии за втор и трет циклус на студии во земјава и во странство.
- Континуирано се спроведуваат одобрените проекти (вкупно 7) по Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти за јавните научни установи.
- Континуирано се спроведуваат одобрените проекти (вкупно 44) по конкурсот за набавка на опрема за лаборатории, акредитација на лаборатории и сл. за сите субјекти кои вршат научно-истражувачка работа.
- Исплатена е контрибуцијата за учество во Програмата „Хоризонт Европа“.
- Продолжија активностите на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа.
- Претставниците од МОН, членови на Работната група за отворена наука во рамки на RSS, редовно учествуваа на состаноците на РГ.
- Доставена е номинација од МОН во Бордот на гувернери на директоратот на JRC.
- Во однос на билатералната соработка со Австрија, во првиот квартал започнаа да се спроведуваат 14-те проекти за периодот 2022-2023.
- На 11.2.2022 г. на веб страната на МОН објавен е повик за доставување на проекти во рамки на Програма за техничка соработка на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) за проектниот циклус 2024-2025.
- Во месец ноември 2022 потпишана е Програма за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија во областа на образованието и научните истражувања за периодот 2023 - 2026 година, во рамки на која предвидено е финансирање на заеднички-научно истражувачки проекти.

**ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Верификувани се 128 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација како и стекнување на знаења, вештини и компетенции;
- Верификувани се 8 посебни програми кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции насочени кон оспособување на возрасните за работа и различни социјални активности;
- Извршен е стручен надзор над 14 установи/институции за образование на возрасни;
- Донесена е Концепцијата за средно образование на возрасните. Концепцијата ги поставува постулатите за развој на средното образование на возрасните во наредните 10 и повеќе години;
- Продолжи реализацијата на ИПА проектот ТП на Договорот за изведба на реформи во секторот „ЕУ за млади“;
- Продолжи реализацијата на ИПА проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието за возрасни“.

## 1.11 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА:

**ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Донесени се нови наставни програми за трето и шесто одделение согласно Концепцијата кои се применуваат во настава од септември 2023г. и нови наставни програми за седмо одделение кои ќе се применуваат во настава од септември 2024г.
- Во месеците јуни-август се спроведе обука за наставниците кои предаваат од прво до шесто одделение во учебната 2023/2024 година.
- Порталот Едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини.
- Во рамки на Проект за унапредување на основното образование - ПЕИП започната е постапка за набавка на мрежна и информатичка инфрастуктура за 40 основни училишта (етапна набавка од 118). За истите училишта со буџетски средства од МОН набавена е дополнителна опрема
- Сукцесивно намален е бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици и бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до петто одделение).

- Вклучени се наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение
- Завршена е изградба доградба на три основни училишта а во тек е изградба/доградба на уште едно училишта и изградба на една училишна спортска сала.
- Завршена е реконструкција на 64 основни училишта, а во тек е реконструкција на 24 училишта.
- Спроведена е набавка (во рамки на PEIP проектот) на наставни и нагледни средства за општествени науки (историски карти, географски карти, мапи, глобуси и сл.) за потребите на основните училишта.
- Во месец септември се спроведе пробното државното тестирање односно проверка на знаењето по мајчин јазик и математика на ученици од петто одделение, во насока на обезбедување објективни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците.
- Со цел подигнување на квалитетот на содржината на учебниците, како и подобрување на процесот на откуп и одобрување на учебници во основното и средното образование, Министерството за образование и наука и Педагошката служба иницираа процес за изработка на нов Закон за учебници за основното и средното образование.
- Изработени се нови учебници, согласно наставните програми за трето и шесто одделение.
- Изработени се и први дигитализирани интерактивни учебници за 4-то, 5-то и 6-то одделение, кои содржат мултимедијални елементи како видеа, фотографии, илустрации, квизови и друга содржина што го прави процесот на стекнување знаења поинтересен, а со тоа и поефективен. Тие се во согласност со наставните програми и националните стандарди за постигањата на учениците во основното образование. Поставени се на посебна, стабилна платформа, nastava.mk и достапни се во секое време и од секое место каде може да се воспостави интернет врска
- Донесено е Упатство за изменување на Упатството за спроведување на постапка за давање одобение за употреба на учебник по странски јазик во основно и средно образование бр.08-3531/1 од 23.3.2023г.
- Во владина постапка доставена е Информацијата за воведување нова методологија за распределба на блок дотации по општини за финансирање на основното образование.
- Во однос на оптимизацијата на училишната мрежа, започната е постапка со 10 пилот општини, за кои се изготвени предлог планови за оптимизација. Во тек се консултативни состаноци помеѓу МОН и оптпините со теренски посети.
- За услугата образовна асистенција во Буџетот на МОН за 2023 година обезбедени се повеќе од 390 милиони денари. Направена е анализа на потребите за ангажирање дополнителни образовни асистенти во учебната 2023/24 година. Ангажирани се повеќе од 800 образовни асистенти.
- Министерот за образование и наука ја утврди Програмата за обука за образовни асистенти за 2023г. со број 18-2671/1 од 3.3.2023 г.
- Од страна на МТСП. МЗ и МОН донесен е нов Правилник за функционалната проценка, објавен во Службен весник бр.9 од 17.1.2023 г.
- МОН спроведе неколку постапки согласно ЗЈН за реконструкција на училишта во насока на подобрување на условите и пристапноста за учениците со попреченост.
- Министерството започна кампања: Заедно да ставиме крај на училишното насилство, во рамки на која упати апел до сите граѓани, доколку биде забележан било каков облик на насилно однесување во училиштата, да биде пријавен на специјално отворената електронска адреса

prijavinasilstvo@mon.gov.mk, односно paraqitdhune@mon.gov.mk, или пак до стручните служби во училиштата, со цел навремено да се реагира и да е спречат посериозни инциденти и последици.

- Образовните медијатори (40) ангажирани од МОН, работеа на терен во 28 општини во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение. За учебната 2023/2024 запишани се вкупно 556 ученици Роми во прво одделение (од 1348 деца Роми). 792 првачиња не се запишани и за истите до почетокот на учебната година во септември се прават напори да се запишат. Од нив согласно извештаите на медијаторите и теренската работа, 165 се заминати во странство. Вратени се во настава вкупно 78 ученици Роми.
- Спроведен е повик за изработка на учебници согласно новите наставни програми за шесто одделение за предметите босански, српски и турски јазик.
- Спроведен е Повикот за доделување на грантови на училиштата за организирање на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- Спроведени се Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2023 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и Јавен повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.
- Континуирано се доделуваа парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар.
- Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2023 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
- Спроведена е втората фаза на обуки на наставници и стручни соработници согласно Каталогот за акредитирани програми за наставници и Каталогот за стручни соработници.
- Завршено е базичното истражување (мерење на квалитетот на настава во основното образование) користејќи го TEACH инструментот на Светска Банка пред реализација на обуките на наставниците.
- Во месец април и мај се спроведоа обуки за наставници-обучувачи за медиумска писменост.
- Објавен е Водич за медиумска писменост за родители и старатели - Дигиталниот свет на генерација алфа - во соработка со УСАИД.
- МОН и УНИЦЕФ организираа работилници за јакнење на компетенциите на стручните соработници во училиштата, во кои беа вклучени повеќе од 500 стручни соработници.
- По однос на повторениот повик за пријавување на наставници од основни училишта за напредување во звање „ментор“, вкупно 47 наставници се стекнаа со звање ментор.

- На 146-та седница на Владата, одржана на 11.4.2023 утврден е текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници. Законот е доставен во собраниска постапка на донесување.
- Спроведен е конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници
- Започна примената на Програмата за напредна обука на директори.
- Спроведено е пилотирање на самоевалуација по новата предлог рамката за квалитет и новите индикатори во четири подрачја, во селектираните 11 основни училишта. Училиштата добија грант во рамки на ПЕИП проектот за имплементација на развојната програма
- Изготвени се Водич за подготвување, реализација и следење на развојна програма на училиштето и Оперативен прирачник за имплементација на грант-програма за унапредување на квалитетот на работата на основните училиштата.

**ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТЛНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов предлог Закон за средно образование, кој е доставен во владина постапка на усвојување.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2023 г. (Службен весник бр.27/23 од 8.2.2023). Во тек е реконструкција на 4 училишта.
- Спроведен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование, Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата и Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование.
- Спроведен е Повикот за доделување на грантови на училиштата за организирање на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2023 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
- Спроведен е конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.
- Изготвен е нов предлог Законот за стручно образование и обука, кој е доставен во владина постапка на усвојување.
- Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2023/2024 година. Одржани се голем број на работилници/обуки на локално ниво во насока на зајакнување на капаццитетите на општините за анализа на потребите на бизнис заедницата при утврдување на квоти за упис во средно образование.

- Конкурсот за упис на ученици за учебната 2023/2024 година целосно е усогласен согласно потребите на пазарот на трудот. Во средно стручно образование се запишаа над 43 илјади ученици а од нив над 6.900 ученици во 592-те дуални паралелки. Оваа учебна година 67,3 проценти од учениците одбраа стручно образование, споредено со гимназиското.
- Спроведени се конкурсите за доделување на 1500 стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование, 500 стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење и 240 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичката струка, електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска струка и текстилно-кожарска струка
- Завршена е реконструкцијата на државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Киро Бурназ", с.Долно Коњаре, Куманово а во завршна фаза е Реконструкцијата/рехабилитацијата на Регионалниот центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески", Охрид. Во однос на регионалниот центар во Тетово, на 12.10.2023 објавен се постапки за реконструкција и надзор над реконструкција, согласно ЗЈН, со рок на поднесување на понуди до 15.11.2023. Во тек е евалуација на пристигнатите понуди.
- На 198-та седница на Владата, одржана на 7.11.2023 усвоени се одлуки за основање на два нови регионални центри СОУ „Никола Карев" Струмица и СОУ „Коле Неделковски" Велес, кои стапуваат на сила од 1.1.2024г.
- Спроведени се неколку постапки за одобрување на учебници за средно стручно образование.
- Спроведен е Конкурсот за упис во ученички домови.
- Доделени се стипендии за ученици со попреченост, за ученици од социјално-ранливите категории, ученици Роми, талентирани ученици.
- Во тек е реконструкција на ученичкиот дом „Ванчо Питошески" во Охрид (во склоп на регионалниот центар за стручно образование и обука).
- Согласно Законот за јавни набавки објавени се 2 нови јавни набавки: реконструкција на ученички дом ДУД „Мирка Гинова" Битола и реконструкција на ученички дом ЈУУДГС „Здравко Цветковски".

**ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Донесен е Правилник за содржината на студиските програми (Службен весник бр. 79/23 од 12.4.2023г.)
- Донесен е Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи (Службен весник бр.125/23 од 15.6.2023г)
- Објавени се повторни јавни повици за формирање на стручни комисии за надворешна евалуација со професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).
- Согласно ЗЈН објавена е набавка на услуга за рангирање на јавни и приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија, запишани во регистарот на високообразовни установи.
- Претставниците од МОН редовно учествуваа на состаноците на Работната група за признавање на академски квалификации организирана од страна RCC. Од страна на Собранието усвоен е Законот за ратификација на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан (Службен весник бр.87 од 25.4.2023).

- На 3.11.2023г. одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на која присуствуваа претставници на владини институции, професори и експерти од областа на високото образование и науката, со која започна процесот на креирање четири стратешки документи, меѓу кои и Националната програма за високо образование и Уредба за финансирање на ВОУ
- Завршена е целосно постапката за изградба и опремување на новиот студентскиот дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово. На 1.11.2023 започна сместувањето на студентите.
- Заврши втората фаза од меѓународната тендерска постапка за избор на компанија/ии за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови. На 29.12.2023 склучен е договор за реконструкција на студентските домови „Стив Наумов" и „Кузман Јосифовски Питу", во вредност од 17 милиони евра. Активностите на терен ќе започнат во месец јануари 2024 со рок на изведба од 18 месеци.
- Спроведени се Конкурсите за доделување на студентски стипендии за академската 2023/2024 година.
- Од страна на Собранието донесени се измените на Законот за субвенциониран студентски оброк, со кои се обезбедува ново системско решение, зголемување на износот на оброкот од 120 на 140 денари на ден, редовна исплата и регулирање на основот за кој средствата можат да се искористат. Измените се објавени во Службен весник бр.91/2023 од 28.4.2023г.
- Врз основа на Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани (Службен весник бр.269/2023 од 18.12.2023) на 18.12.2023 МОН објави Јавен повик за остварување финансиска поддршка на студенти кои живеат надвор од местото на студирање за академската 2023/2024 година. За добивање на финансиска поддршка кандидатите се пријавуваа електронски, на следниот линк: https://e-uslugi.mon.gov.mk, со рок на пријавување до 24.12.202г.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Стратегијата за паметна специјализација 2023-2027 со Акциски план 2024-2025 е усвоена/донесена на 207-та седница на Владата, одржана на 12.12.2023г..
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2023 година, Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2023 година и Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2023 година.
- Спроведен е Конкурсот за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно - истражувачки труд за 2022 година.
- Спроведен е Конкурсот за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите на Web of Science или Scopus од наставниците и соработниците избрани на високообразовните/ научните установи во Република Северна Македонија, во 2022 година.
- Доделена е наградата „Гоце Делчев" во 2023 година, која се доделува за научна книга или дело објавено во 2022 година, во областа на науката.

- Континуирано се спроведуваат одобрените проекти (вкупно 7) по Конкурсот за финансирање на научно-истражувачки проекти за јавните научни установи.
- Континуирано се спроведуваат одобрените проекти (вкупно 44) по конкурсот за набавка на опрема за лаборатории, акредитација на лаборатории и сл. за сите субјекти кои вршат научно-истражувачка работа.
- Континуирано се проследуваат повиците во рамки на Програмата „Хоризонт Европа“.
- Продолжија активностите на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа. Во владина постапка е доставена Информација за учество на Република Северна Македонија во активностите на проектот за изградба на SEEIIST на територијата на Република Северна Македонија, со цел донесување одлука за поднесување на апликација – кандидатура за добивање на локацијата за изградба на објект, за да стане држава - домаќин на SEEIIST.
- Претставниците од МОН, членови на Работната група за отворена наука во рамки на RSS, редовно учествуваа на состаноците на РГ.
- Редовно се одржуваа состаноци на Управниот одбор на EOSC на кој учествуваа претставниците номирани од МОН.
- Во однос на билатералната соработка со Австрија, продолжија да се спроведуваат 14-те проекти за периодот 2022-2023.
- На 25.4.2023 на веб страната на МОН објавен е Конкурс за заеднички научно-истражувачки проекти помеѓу Северна Македонија и Австрија за периодот 2024 – 2025 година. Одобрени се 17 проекти за финансирање

**ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Континуирано се врши стручен надзор над установите/институциите за образование на возрасни.
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните.
- Верификувани се 42 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација како и стекнување на знаења, вештини и компетенции;
- Верификувани се 3 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции, а 2 се во процедура;
- Активно учество во актинвостите на ИПА проектот ТП на Договорот за изведба на реформи во секторот „ЕУ за млади“ поврзани со образованието на возрасните;
- Активно учество во актинвостите на ИПА проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието за возрасни“поврзани со образованието на возрасните;
- Континуирано се спроведува стручен надзор на понудувачи на услуги (извршен стручен надзор над 4 установи/институции за образование на возрасни);
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните.

## 2.1 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

## 2.2 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование
2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Ученички стандард

## 2.3 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

## 2.4. ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

## 2.5. ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Потпрограми:

2.5.1 Развој на неформалното образование на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

## ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ

## 2.1 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

### А: Оправданост и дизајн на Програмата 2.1:

**Образложение:** Програмата „Квалитетно и инклузивно основно образование" произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија „Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот" содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2024-2028 година, односно приоритетните цели „Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти", „Образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот" и „Афирмација и унапредување на културата на припадниците на заедниците и развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците".

**НПАА**
3.26 Образование, култура, млади
3.26.1 Образование

**Стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука:**

__**Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал**__

- Подобрување на содржината на основното образование;
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното образование;
- Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците;
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта (иницијални и континуирани обуки);

- Зголемување на ефективноста на организирањето, финансирањето и управувањето со основното образование;
- Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување;
- Понатамошно унапредување на воспоставениот систем на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги и
- Унапредување на менталното здаравје, превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем.

**Цел на Програмата:**

- Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно образование за сите
- Зголемување на опфатот на ученици

**Показатели за успех на Програмата:**

- Имплементирана е новата Концепција за основно образование;
- Донесени и имплементирани се нови наставни програми врз основа на националните стандарди за учениците за седмо, осмо и деветто одделение;
- Донесени се измени на Законот за основно образование
- Учениците во основното образование имаат квалитетни учебници, наставни и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите, родова рамноправност и демократски вредности;
- Воведен е нов модел за финансирање;
- Започнат е процесот на оптимизација на училишната мрежа;
- Развиен е дигитален образовен екосистем (унапредени се дигиталните системи, вклучително и системот за учење на далечина, набавена е опрема за училиштата, развиени се дигитални, интерактивни материјали за учење, унапредени се дигиталните вештини и компетенции на наставниците и учениците...);
- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни асистенти...);
- Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование;
- Наставниците и стручните соработници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните стандарди;
- Континуирано се имплементира моделот за кариерен развој;
- Директорите на основните училишта ги исполнуваат барањата за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење и
- Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

| Програмата е: ✕ хоризонтална ☐ вертикална | |
|---|---|
| **Потпрограми (компоненти) на Програмата:** Квалитетно и инклузивно основно образование | |
| **Потпрограма 2.1.1:**<br>Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | **Показател за успешност:**<br>- Имплементирана е новата Концепција за основно образование;<br>- Донесени и имплементирани се нови наставни програми врз основа на националните стандарди за учениците за седмо, осмо и деветто одделение;<br>- Учениците во основното образование имаат квалитетни учебници, наставни и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите, родова рамноправност и демократски вредности;<br>- Воведен е нов модел за финансирање;<br>- Започнат е процесот на оптимизација на училишната мрежа и<br>- Развиен е дигитален образовен екосистем (унапредени се дигиталните системи, вклучително и системот за учење на далечина, набавена е опрема за училиштата, развиени се дигитални, интерактивни материјали за учење, унапредени се дигиталните вештини и компетенции на наставниците и учениците...). |
| **Потпрограма 2.1.2:**<br>Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование | **Показател за успешност:**<br>- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни асистенти..);<br>- Донесени се измени на Законот за основно образование<br>- Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование и<br>- Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. |
| **Потпрограма 2.1.3:**<br>Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | **Показател за успешност:**<br>- Наставниците и стручните соработници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните стандарди и<br>- Континуирано се имплементира моделот за кариерен развој. |
| **Потпрограма 2.1.4:**<br>Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | **Показател за успешност:**<br>- Директорите на основните училишта ги исполнуваат барањата за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење. |

Б: План за спроведување на Програмата: Квалитетно и инклузивно основно образование

| Потпрограма 2.1.1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2024 | 2025 | 2026 |
| 2.1.1.1. Сукцесивна имплементација на новата Концепција за основно образование | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | Наставници, директори и стручни соработници од училиштата, родители/старатели, ученици, СОНК, општини | активноста е отпочната | 12/2026 | Вработени во МОН, БРО, училишта, општини | Вработени во МОН, БРО, училишта, општини | Вработени во МОН, БРО, училишта, општини | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 и Заем од Светска банка | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 и Заем од Светска банка | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 и Заем од Светска банка |
| 2.1.1.2 Усогласување на наставните програми со Концепцијата за основно образование и Националните стандарди за учениците во основно образование и обука за наставниците за новите наставни програми (сукцесивно) | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | ДПИ, ДИЦ синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, општини, НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори... | активноста е отпочната | 12/2026 | Вработени во БРО, комисии | Вработени во БРО, комисии | Вработени во БРО, комисии | Буџет на БРО | Буџет на БРО | Буџет на БРО |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1.3. Континуирано одржување и надградување на дигиталните системи и системот за образование од далечина (надополнување на порталот Едуино, набавка на опрема за воспоствување на приватен облак и услуги за централизирано управување со сајбер безбедност, набавка на мрежна опрема за подобрување на мрежната инфраструктура.. ) | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | МИОА, ДПИ, ДИЦ, синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, општини | активноста е отпочната | 12/2026 | Вработени во МОН и БРО, училишта | Вработени во МОН и БРО, училишта | Вработени во МОН и БРО, училишта | Буџет на МОН и БРО, Заме од Светска банка, донации | Буџет на МОН и БРО, Заме од Светска банка, донации | Буџет на МОН и БРО, Заме од Светска банка, донации |
| 2.1.1.4. Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (сукцесивно) | Министерство за образование и наука, основни училишта, единици на локална самоуправа | Државен просветен инспекторат, Биро за развој на образованието | 9/2024 (за шесто одделение)<br><br>9/2025 (за седмо одделение)<br><br>9/2026 (за осмо одделение) | 9/2026 | Вработување на нови наставници | Вработување на нови наставници | Вработување на нови наставници | 4.224.000 | 4.224.000 | 4.224.000 |
| 2.1.1.5 Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, врз основа на Програмата утврдена од | училишта, Министерство за образование и наука, Биро за развој на | Комора на психолози, стручна јавност, универзитетски професори, ЦСОО... | 1/2024 | 12/2026 | Наставници и стручни соработници од основните училишта | Наставници и стручни соработници од основните училишта | Наставници и стручни соработници од основните училишта | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| министерот | образованието | | | | | | | | | |
